There are no translations available.



Наставничката Георгина Димова која 19 години предава информатика во ООУ„Страшо Пинџур“ заедно со учениците од информатичката секција, а во рамките на воведувањето на новини при предавањето и следењето на наставата, се вклучија во живо на часови за програмирање. На часовите секогаш имало по некоја интересна личност која учениците можеа да ја запознаат, како на пример Бил Гејтс, креаторот на Гугл шитс Фази Хосрошахи, акерката Јара Шахиди и други, при што самите ученици уживаа во овие средби, а разбирливо најмногу прашања имаа за Бил Гејтс-истакнува наставничката Димова. Впрочем, таа редовно работи на проекти со кои што учениците имаат можности да се запознаваат со врсници од други држави, со експерти од различни области, учат за други култури и обичаи и слично. Паралелно, Димова и нејзините ученици, преку поврзување ја презентираат македонската музика, традиционалната храна, карактеристични предмети за ова поднебје, учениците го вежбаат англискиот јазик, стекнуваат самодоверба во јавното говорење, и сето тоа се случува од училницата со користење на дигитални алатки.




